| 3.6 | **Професионален развој на наставниот, стручниот и раководниот кадар**<br><br>Професионалноста на наставниците е очигледна и преку реализација на проектни активности, семинари, обуки, како што се: семинар за Дислексија - форми и методи, проект вештини за Адолесценција,проект безбедни училишта, превенција од насилно однесување на учениците, програма за професионална ориентација на ученици, ПМИО, ЕКО училиште, обука за имплементирање на содржини од иновации од претприемништво, Самоевалуација во училиштето, проект - Математика со размислување, јазична писменост, имплементирање на Зелен пакет- јуниор во наставата, проект – „Училиште на 21 век“, „Демократска клима во училиштето“, семинари од областа на инклузивното образование, психолошкиот развиток на личноста и прилагодување на методите за пристап кон личноста за соодветно функционирање во животната и работната средина. Реализирани се обуки за имплементација на новата наставна програма за прво и четврто одделение, како и имплементирање на истите.<br><br>Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално – технички средства и континуирано го планира нивното обезбедување. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат.<br><br>Училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Има изготвено програма и обуки за работа со ученици со потешкотии и посебни образовни потреби. Континуирано се посетуваа вебинари во организација на БРО и МОН за директорот, стручната служба, наставниците, како и за останатиот административен кадар, со што се стекнуваа со нови знаења и професионално се усовршуваа и надоградуваа, а дел од нив продолжија и на постдипломски студии.<br><br>Училиштето има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата. Исто така соработува со други институции, како: Хидробиолошки завод, Завод и музеј, Црвен крст, Младински совет, Метеоролошка станица, Градска библиотека „Григор Прличев”, Природно-математички факултет –Скопје, Општина Охрид, СВР Охрид,Противпожарна единица – Охрид, Национален парк „Галичица“, Државен просветен инспекторат со што се овозможува подобрување на квалитетот на образованието.<br><br>Во успешната реализација на сите овие проекти, програми и вебинари , креирањето на потребните промени, училиштето ја остварува својата мисија,<br><br>која всушност е и целта на неговото постоење. Неговата мисија е: |

| | |
|---|---|
| | **Мисија**<br><br>**Училиштето, како воспитно-образовна институција ги воспитува и образува учениците во насока на примена на своите знаења, вештини и навики, го развива критичкото мислење и одговорност и воспоставува релации кои се темелат на меѓусебно уважување и почитување.**<br><br>**Училиштето во согласност со современите текови ги подготвуваат учениците за вклопување во животните процеси.**<br><br>**Визија**<br><br>**Создаваме училиште кое ги афирмира воспитните и образовните вредности со примена на соодветни и современи наставни средства , методи и техники.**<br><br>**Нашето училиште е институција од која продуцира популација на личности спремни за да се соочат со животот и животните предизвици, со преземање на одговорност и верба дека можат да создадат подобар свет.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Анкети за ученици | 1.Дали наставниот кадар е добро обучен за објективно | Да 85,71% | Делумно 14,29% | Не |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | оценување на учениците? | | | |
| Анкети за наставници | 1.Наставниот кадар е добро обучен и покажува ентузијазам кон професијата | Да 77,77% | Делумно 22,23% | Не |
| Анкети за родители | Наставниот кадар е добро обучен да го поттикнува ученикот да ги изрази своите способности | Да 71,43% | Делумно 28,57% | Не |

*Потреба од понатамошно следење на новите текови од областа на образованието и прилагодување кон потребите на ученичката популација.

**Подрачје 4- УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ**

**Тим :**

- Благица Мутлакоска

| бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 4 | **Управување, раководење и креирање политика** | |

| | | |
|---|---|---|
| 4.1. | **Управување и раководење со училиштето** | - управување со училиштето<br>- раководење со училиштето |
| 4.2. | **Цели и креирање на училишната политика** | - јасност и соодветност на целите -<br>процедури за креирање на училишната политика |
| 4.3. | **Развојно планирање** | - цели на развојното<br>планирање<br>- професионален развој/ стручно усовршување на кадарот<br>- материјално- технички сретства<br>-<br>инфраструктура |

| **4.1 Управување и раководење со училиштето** | |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| – Статут на училиштето<br><br>– Годишна програма за работа на училиштето<br><br>– Записничка книга од состаноци на Училишен одбор<br><br>– Закон за основно образование<br><br>– Интервју со претседател на Училишен одбор<br><br>– Записничка книга од наставнички | Училишниот одбор (УО) е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. УО брои 7 члена и тоа: тројца членови од редот на наставниците (Ангелкоска Јованка, , Анкица Цуцулоска, Благица Мутлакоска, тројца од Советот на родители (Александар Крстев, Ирена Богоеска и Ивана Кузманоска) , еден претставник од локална самоуправа. . Подрачното училиште се вклучува во управната структура преку наставници членови- Благица Мутлакоска и Анкица Цуцулоска.<br><br>Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на УО. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одбор и до сега нема случај на неодржување на седниците поради немање кворум за работа. Членовите се известуваат писмено или преку онлајн комуникација, со покани, најмалку два дена пред одржување на состаноците. Поради состојбата со |

| | |
|---|---|
| совет<br><br>– Одлуки и извештаи од Училишен одбор<br><br>– Програма за работа на директорот<br><br>– Анкета со наставници, ученици и родители | КОВИД-19, седниците на училишниот одбор се реализираа преку интернет комуникација. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес. УО има воспоставено партнерски односи со раководниот орган на училиштето и други образовни структури.<br><br>Раководниот орган има стратешка определба заснована на јасна визија која ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот кадар објективно да ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата пракса што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Изграден е личен кредибилитет и професионален однос кон работата, кој се заснова на знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење, раководниот кадар ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредна и поширока заедница. Раководниот кадар го заснова своето работење преку вклучување на вработените во процес на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет. |

| | |
|---|---|
| **4.2 Цели и креирање на училиш политика** | |
| Извори на податоци | |

| | |
|---|---|
| - Записници од Училишен одбор<br>- Развоен план на училиштето<br>- Годишна програма за работа на училиштето<br>- Интервју со директорот<br>- Записници од Наставнички совет<br>- Записници од Совет на родители<br>- Записници од дневници за работа<br>- Записничка книга од Училишен одбор<br>- Анкета со наставници, ученици, родители | Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се јасни, прецизни и се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и подобрувања на постигнувањата кај учениците. Вработените, учениците и родителите учествуваат активно во креирањето на целите, вредностите и начелата на училиштето.<br><br>Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти, наставници, ученици и локалната заедница да работат на остварување на целите. Учениците со различни способности и предиспозиции се вклучуваат во додатната и дополнителната настава. Според нивните способности се вклучуваат во слободните ученички активности. Постигнатите цели позитивно влијаат на работата на училиштето.<br><br>Училиштето во врска со дисциплината и дисциплинските мерки постапува согласно законот за основно образование и правилникот за дисциплински мерки и поведението на учениците.<br><br>Информирањето на наставниците, родителите и учениците се спроведува преку наставнички совет, совет на родители и одделенски часови.<br><br>Креатори на училишната политика и стратегиите за нејзино остварување се: директорот, училишниот одбор, стручната служба, административниот и наставниот кадар. Училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и учениците. |
| **4.3 Развојно планирање** | Раководниот кадар на училиштето и училишниот одбор, согласно законските регулативи изготвуваат план за работа, кој континуирано се усогласува со тековните состојби произлезени од барањата на надлежните институции. Развојното планирање е во согласност со позитивните насоки на надлежните институции и е во контекст на подобрување на воспитно-образовниот процес на училиштето. |
| Извори на податоци | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Годишна програма за работа на училиштето<br>- План за евалуација<br>- Анкети со ученици<br>- Интервју со директор<br>- Интервју со совет на родители<br>- Интервју со ученици<br>- Интервју со наставници<br>- Финансов план на училиштето<br>- Годишен план за јавни набавки | Училиштето има изработено План за развој со јасно дефинирани приоритети произлезени од претходната самоевалуација, кои успешно се реализираат според предвидената динамика. | | |
| | | | |
| **Анкети за ученици Подрачје- Унапредување,раководење и креирање** | **1.Училиштето соодветно информира за напредокот на учениците** | -Да- 100% | Делумно |
| | **2.Во училиштето постојат добри стандарди на однесување** | -Да- 100% | -Делумно- |
| | **3.Дали во училиштето се почитува принципот на недискриминација** | -Да- 100% | -Делумно- |
| **Анкети за родители Подрачје- Унапредување,раководење и креирање** | **1.Училиштето соодветно информира за напредокот на учениците** | -Да-85,72% | -Делумно- 14, 28 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **2.Во училиштето постојат добри стандарди на однесување** | -Да- 85,72% | -Делумно- 14,28% |
| | **3.Дали во училиштето се почитува принципот на недискриминација** | -Да- 88,88% | -Делумно- 11,12% |
| **Анкети за наставници Подрачје- Унапредување,раководење и креирање** | **1.На наставниците им се допаѓа работата во ова училиште?** | -Да-88,89% | -Делумно-11,11 % |
| | **2.Кадарот учествува во донесување на значајни одлуки** | -Да- 90% | -Делумно-5%<br>Не 5 % |
| | **3.Постои ефикасна комуникација помеѓу раководството и наставниците** | -Да- 90% | -Делумно-10% |
| | **4.Дали во училиштето постојат принцип на соработка и почит** | -Да- 90% | -Делумно-10% |

**Подрачје 5- КОМУНИКАЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

Тим: Елизабета Наумоска

Организацијата на воспитно образовниот процес е навремена и сите активности се реализираат благовремено, во

законски рок. Стручните тела на училиштето и активите

-Комуникациаја стручен соработник-наставник

Комуникацијата стручна служба-наставник е во согласност со описот и пописот на работните места, систематизацијата, планирањата на стручната служба и следењето на реализација на наставниот процес, преку кои се детектира потребата за соодветно реагирање.

-Комуникација наставник-наставник

Комуникацијата наставник-наставник произлегува од професионалната изграденост на наставниот кадар, како и од личноста на наставникот.

-Комуникација наставник , стручен соработник со административно техничка служба

Комуникацијата наставник, стручен соработник со административната служба е во доменот на професионалното работење на напоменатите структури.

-Комуникација на состаноци на стручни тела на училиштето Комуникацијата на состаноците на стручните тела е во рамките на професионалното работење.

**2.Комуникација на ниво на училница**

-ученик-ученик

Комуникацијата ученик-ученик во училиштето е на завидно ниво. Постои тенденција на меѓусебно другарство, почит, свесност за потреба од соосветно однесување, што значи ликот на ученикот за себе и за другите е во постојана континуирана позитивена надградба. Доколку се пројават одредени недоследности во комуникацијата, наставниот и стручен кадар е во постојана комуникација со родителите и учениците.

-наставник –ученик

Комуникацијата наставник – ученик е на завидно професионално ниво, со тенденција за постојано градење на свеста на учениците за меѓусебна толеранција, почит, одговорност и следење на насоките на наставниот кадар со цел за повисоки

постигнувања на учениците.

-стручна служба-ученик Комуникацијата на стручната служба со учениците е на професионално ниво.

**3.Комуникација со окружувањето на училиштето**

-комуникација со родители -комуникација со институции

на централно ниво -комуникација со институции на

локално ниво -комуникација со други образовни

институции -комуникација со граѓански здруженија

Училиштето е во постојана комуникација со институциите.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Согледување на ученици/ подрачје комуникација и односи со јавноста/** | **1.Училиштето го промовира постигнувањето на учениците** | **ДА 100%** | | |
| **Согледување на наставници / подрачје комуникација и** | **1.Училиштето го промовира постигнувањето на учениците** | **ДА 100%** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **односи со јавноста/** | | | | |
| **Согледување на родители / подрачје комуникација и односи со јавноста/** | **1.Училиштето го промовира постигнувањето на учениците** | **100%** | | |
| | | | | |

**Подрачје 6. УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА**

**Тим, -Билјана Каланоска**

•

| број | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| **6** | **УЧИЛИШНА КЛИМА** | |
| **6.1** | **Училишна клима и односи во училиштето** | • Углед/ имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| **6.2** | **Промовирање на постигањата** | • Промовирање на личните постигања на учениците<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| **6.3** | **Еднаквост и правичност** | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Прифаќање и промовирање на мултикултуризмот |
| **6.4** | **Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со локалната заедница Соработка со<br>• деловната заедница и невладиниот сектор |

| **6.1 Училишна клима и односи во училиштето** | |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| - Кодекс на однесување<br>- Анкети/интервјуа со наставници, родители и ученици<br>- Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки<br>- Статут на училиште<br>- Куќен ред на училиштето; | Според изработената самоевалуација во подрачјето бр. 5.1 може да се заклучи дека нашето училиште има многу добар углед во околината. Тоа располага со високо квалитетен наставен кадар кој при работата користи современи форми, методи и наставни средства и ги спроведува иновациите во наставата.<br><br>Училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). Во неговата изработка учествувале преставници на сите структури, а при неговото усвојување е спроведена демократска процедура со учество на претставници на сите структури.<br><br>Климата во училиштето е на многу добро ниво.Постои почитување на релација наставник-наставник и на релација ученик наставник. Доколку постојат индиции на спротивставени мислења, тие се решаваат преку разговори и дебати.<br><br>Учениците се навремено и целосно информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Поведението и дисциплината во училиштето се добри со исклучок на учениците чии психофизички развој предизвикува минимални отстапувања во однос на дисциплината. |

| | |
|---|---|
| | Во училиштето постои Правилник за дисциплински мерки за санкционирање.<br><br>Училиштето активно соработува со другите училишта , со директно учество на ученици од одделенска и предметна настава,како и наставници. |

| **6.2 Промовирање на постигањата** | |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| - Годишна програма за работа на училиштето<br><br>- Интервју со наставници, ученици, родители<br><br>- педагошка евиденција<br><br>- извештаи за натпревари<br><br>- сертификати<br><br>- дипломи | **-** Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво.<br><br>- Стекнатите знаења и умеења постигнати во редовната настава и воннаставните активности, учениците имаат можност да ги презентираат на разновидни натпревари, јавни настапи, работилници, отворени часови, како и со програми пред другарчињата и родителите. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. Преку нив се развива и се продлабочува интересот на учениците и се воспоставува активен однос кон наставата, се прошируваат програмските основи, се продлабочуваат и се збогатуваат знаењата. Тие ја освежуваат наставата и придонесуваат да се поврзува учењето со животот.<br><br>- Училишните натпревари ги организираат стручната служба, активните наставници, активите во училиштето на ниво на општина, како и регионални натпревари, додека пак, републичките ги организира БРО на Р.Македонија.<br><br>- Училиштето има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што го помогнале тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето.<br>- Одделенските раководители , наставниците се целосно ангажирани учениците да учествуваат во натпревари , учество на конкурси , работилници , хуманитарни акции, проекти кои овозможуваат да се подигне рејтингот на училиштето.<br>- Учениците земаат учество и добиваат награди на повеќе општински , регионални натпревари како што се : 48-те Детски Рацинови Средби во Велес, регионален натпревар по англиски јазик |

| | |
|---|---|
| | во организација на ELTAM , Меѓународна детска ликовна изложба “Народната култура” - Наша трајна инспирација Битола. Учество на детската ликовна колонија - Чашка. Меѓународниот фото конкурс „Во чест на учителот“ Учество на „Дијалог на културите“41 Државна изложба на детски ликовни творби на тема„Народна култура како трајна инспирација во моето творештво “.државниот натпревар "Детски семафор државниот натпревар `Spelling Bee` Државен литературен конкурс „Ракатки“Државна детска ликовна изложба“, на тема. Фолклорот наша трајна инспирација“- Битола 2016 регионален натпревар "Детски семафор" општински и натпревар „ државен натпревар „Млади библиотекари“регионалниот натпревар по македонски јазик и литература. литературниот конкурс од Дванаесеттиот меѓународен детски фестивал „Креативна чаролија“.меѓународниот поетскиот конкурс „Љубовта (не) е само збор“ и нивните песни се дел од Зборникот. општински натпревар и регионален и, државен натпревар по биологија, општинскиот и регионален натпревар по математика , општинскиот и регионален натпревар по физика Учениците под менторство на своите наставници добиле многу награди за освоени места, дипломи, пофалници со мотивација за понатамошна работа и поголеми успеси.<br>- Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање.<br><br>- Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина.<br><br>- Учениците имаат можности (согласно своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во вонннаставните активности. |

| | |
|---|---|
| **6.3 Еднаквост и правичност** | |
| Извори на податоци | |

| | |
|---|---|
| Разговор со ученици<br>Плакат со илустрација од дете со правата за децата<br>презентација за Правата на децата. | **Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот** се многу добро прифатени. Запишани се во табела резултатите на застапеноста на етничките малцинства. Припадниците од етничките заедници се прифатени од страна на сите вработени и од страна на учениците. Во табела е запишана нивната процентуална застапеност. |

| | |
|---|---|
| **6.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | |
| Извори на податоци | |
| • Извештај за работата на училиштето | Училиштето презема бројни и добро испланирани активности и организира обуки за да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се поттикнати активно да севклучат во наставниот процес преку |

| | |
|---|---|
| • Записници од совет на родители и родителски средби<br>• Статут на училиштето<br>• Записници и одлуки од состаноци на училишниот одбор | организирање на предавања на конкретна тема или посети на работното место на родителот, како и во вонnаставните активности. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање на индивидуални родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, добро организирани и достапни на родителите. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.<br><br>Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и работата на училиштето, но не презема активности активно да ги вклучи сите родители. Имено, училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето само во рамките на формалните нивоа на одлучување(Совет на родители, родителски средби и Училишен одбор). Комуникацијата на училиштето со родителите се сведува на одржување на најмалку две родителски средби во едно полугодие, а има и примери за одржани индивидуални родителски средби.<br><br>Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето промовира и прифаќа вклучување на волонтери од заедницата во наставните и воннаставните активности.<br><br>Училиштето остварува соработка со локалната заедница само во рамките на формалните законски обврски и постојат мал број примери на заеднички проекти и настани.<br><br>Училиштето остварува квалитетна соработка со деловната заедница преку добро организирана практична настава и спроведување на заеднички проекти поттикнати од двете страни. Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка со невладиниот сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата.<br><br>Училиштето соработува со деловната заедница за реализација на практичната настава. Има мал број примери за остварена соработка со невладиниот сектор. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Анкети за ученици Подрачје-Училишна клима** | **1.Дали во училиштето се почитува принципот на соработка /идеите на учениците за подобрување на постигнувањата/** | Да -71,43 | -Делумно- 28,58 % |
| | **2.Дали во училиштето се почитува се практикува принципот на взаемна почит помеѓу учениците, вработените и родителите** | Да- 71,42% | Делумно 28,58% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Анкети за родители Подрачје-Училишна клима** | **1.наставниците постапуваат правично кон моето дете** | Да 100 % | |
| | **2.наставниците даваат насоки за помош на моето дете** | -Да- 71,43% | -Делумно- 28,57% |
| **Анкети за наставници Подрачје-Училишна клима** | **1.наставниците се третираат правично и еднакво** | -Да- 71,43% | -Делумно- 28,57% |
| | **2. Наставниците и учениците взаемно се почитуваат** | -Да- 71,43% | -Делумно-28,57% |
| | **3.Дали се чувствувате безбедно во училиштето?** | -Да- 88,88% | -Делумно- 11,12% |

***Во рамките на периодот на самоеваулација на училиштето се согледа потреба од понатамошно градење на лична свест за почит и самопочит во поглед на комуникациските релации во училиштето. *Потреба од превземање на одговорност за сопствената работа и пристап.**

**Подрачје 7-СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА**

**7.1 Соработка на училиштето со родителите**

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци**<br><br>**-годишна програма**<br><br>**-записници од совет на родители**<br><br>**-записници од родителски средби**<br><br>**-записници од советување со родителите**<br><br>**-индивидуална соработка со** | **Со анализа на наведени документи и редовна активност со родитеки може да се констатира дека училиштето континуирано соработува со родителите.**<br><br>**Во училиштето редовната законска комуникација со родителите резултира со градење на свест од потреба за соработка и позитивни ефекти во посигнувањатѕа на учениците, како и севкупниот напредок на училиштето како институција.**<br><br>**Вклучените фактори на училиштето во воспитно-образовниот процес редовно соработуваат со родителите за сите ситуации и тековни проблеми преку законски механизми.**<br><br>**Соработката се одвива согласно протоколите пропишани за врена на пандемија** |

| | |
|---|---|
| родители | |

**7.2 Соработка на училиштето со локалната заедница**

| | |
|---|---|
| | Училиштето во наведениот временски период соработува со локалната заедница на начин утврден со протоколите пропишани за време на пандемија |

**7.3 Соработка на училиштето со невладиниот сектор**

| | |
|---|---|
| | Училиштето во наведениот временски период соработува со локалната заедница на начин утврден со протоколите пропишани за време на пандемија |

**ЈАКИ СТРАНИ :**

Применетите наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука.

*Наставата се реализира согласно Националната програма, синхронизација на Наставните планови и програми за деветгодишно основно образование, иновирана програма, нови наставни програми за прво и четврто одделение.

*Во рамките на наставниот процес се планираат и реализираат активности од :задолжителна настава, изборна настава, дополнителна настава, додатна настава, часови на одделенска заедница

* Во периодот на глобалната пандемија, училиштето соработуваше со МОН, БРО, Министерството за здравство. Во рамките на напоменатиот период, училиштето успешно ги реализираше скратените програми доставени од МОН и БРО, успечно реализираше онлајн настава. Се подготвија протоколи за потребите на наставата со физичко присуство, кон кои учениците , вработените и родителите строго се придржуваа кон истите.

*Успешна синхронизација на наставните периоди.

*Врз основа на педагошката евиденција и документација и Извештајот на училиштето, може да се констатира дека наставните планови и програми одобрени од МОН целосно се реализираат.

*Училиштето располага со податоци за постигнувањата на учениците по среден успех по предмети, среден успех по класификациони приоди, среден успех по пол и етничка припадност, податоци за изостаноци

*Училиштето располага со податоци за етничката социјалната структура на учениците

*Инволвираните фактори во воспитно-образовниот процес го организираат, планират и следат наставниот процес во функција на подобри постигнувања на учениците

*Се обрнува внимание за постигнувањата на учениците со потешкотии и посебни потреби и се имплементираат програмите за инклузија.

*Посебно се акцентираат натпреварите на кои се постигнуваат солидни резултати.

*Во училиштето се имплементираат проекти од општинско, државно и меѓународно ниво.

*наставниот кадар се мотивира да ги следат новите текови во воспитно-образовниот процес.

*Учениците постигнуваат добар напредок во воспитно-образовниот процес

*Се користи формативно, сумативно и дијагностичко оценување. Се оценуваат усмените и писмените одговори, истражувањата, проектите, активноста на час.

*Наставниот кадар изготвува и реализира годишни, месечни планирања.

*Постои вклученост на сите фактори поврзани со обезбедување грижа и заштита на учениците без разлика на нивната полова и етничка припадност.

*Училиштето успешно се справува со сите предизвици во воспитно-образовниот процес и се оприлагодува кон препораките на надлежните институции.

*Училиштето соработува со институции од локалната средина во функција на грижа на учениците.

*Се следат професионалните интереси и желби на учениците за нивното понатамошно образование

*Редовно информирање на учениците и родителите за нивните постигања и однесување

*Училиштето води грижа за здравјето и безбедноста на сите вклучени субјекти во воспитно-образовниот процес.

*Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање на предавања на конкретна тема или посети на работното место на родителот, како и во воннаставните активности.

*Училиштето соработува со сите релевантни фактори поврзани со воспитно-образовниот процес

*Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот.

*Наставниците максимално ги користат расположливите просторни капацитети, а училиштето има јасен план и распоред на користење на капацитетите.

*Училиштето ги обезбедува потребите од наставен и административно-технички персонал за реализирање на наставниот процес *Раководниот тим проблемите ги решава на состаноци и средби кои служат за размена на идеи и конструктивно

приоѓање кон нови ситуации.

***Во соработка со МОН и Локалната самоуправа, училиштето набави компјутери, смарт табли, кабинет по природни науки, таблети. *Имајќи ја безбедноста на учениците и вработените, училиштето спроведе безбедносна анализа и ги санира недостатоците детектирана од истата.**

**Слаби страни**:

***Училиштето не поседува доволно наставни средства, адаптирани програми и обука на наставниците за реализација на наставата за ученици со посебни образовни потреби**

***Нема спортска сала**

***Во наредниот период се јавува потреба од понатамошно и поквалитетно прилагодување на наставните планови и програми од страна на наставниот кадар кон возрасните карактеристики на учениците и мотивирање и прифаќање на новите идеи кои произлегуваат од страна на учениците.**

***Во рамките на периодот на самоеваулација на училиштето се согледа потреба од понатамошно градење на лична свест за почит и самопочит во поглед на комуникациските релации во училиштето.**

***Потреба од преземање на одговорност за сопствената работа и пристап.**